# Службен гласник на Општина Штип

Службен гласник на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 11
12 август 2022 година

Година LVIV

## С О Д Р Ж И Н А

Р. бр. страна

| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 475. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Годишнен план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2023 година | 884 |
| 476. | Одлука за давање согласност на Годишнен план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2023 година | 884 |
| 477. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на потреба за отпочнување на постапка за финансиски лизинг | 885 |
| 478. | Одлука за утврдување на потреба за отпочнување на постапка за финансиски лизинг | 885 |
| 479. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на инвестиција по под проекти | 887 |
| 480. | Одлука за утврдување на приоритет на инвестиција по под проекти | 887 |

| | | |
|---|---|---|
| 481. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во мерката Јавни работи 2022 година | 888 |
| 482. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во мерката Јавни работи 2022 година | 889 |
| 483. | Решение за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш | 889 |
| 484. | Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш | 890 |
| 485. | Решение за објавување на Одлука за формирање на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш | 891 |
| 486. | Одлука за формирање на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш | 891 |
| 487. | Решение за објавување на Решение за именување на членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш | 892 |
| 488. | Решение за именување на членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш | 893 |
| 489. | Решение за објавување на Одлука за давање под закуп недвижна ствар-деловен простор | 894 |
| 490. | Одлука за давање под закуп недвижна ствар-деловен простор | 894 |
| 491. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на висината на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпадот на територијата на Општина Штип | 896 |
| 492. | Одлука за одобрување на висината на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпадот на територијата на Општина Штип | 897 |
| 493. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП „Исар“-Штип | 898 |
| 494. | Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП „Исар“-Штип | 899 |
| 495. | Одлука за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП "Исар"- Штип | 900 |
| 496. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Исар“-Штип | 902 |

| | | |
|---|---|---|
| 497. | Одлука за давање согласност на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Исар“-Штип | 903 |
| 498. | Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП “Исар“-Штип | 904 |
| 499. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и формирање на комбинирани паралелки во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2022/2023 година | 907 |
| 500. | Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и формирање на комбинирани паралелки во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2022/2023 година | 908 |
| 501. | Решение за објавување на Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2022 година | 910 |
| 502. | Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2022 година | 910 |
| 503. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за локален економски развој во Општина Штип за 2022 година | 911 |
| 504. | Програма за дополнување на Програмата за локален економски развој во Општина Штип за 2022 година | 912 |
| 505. | Решение за објавување на Заклучок за давање позитивно мислење за изработка на урбанистички проекти | 913 |
| 506. | Заклучок за давање позитивно мислење за изработка на урбанистички проекти | 913 |
| 507. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јануари-март 2022 година | 914 |
| 508. | Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јануари-март 2022 година | 915 |
| 509. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за организација и одржување на научно-стручна конференција во област и теми од предучилишното образование | 915 |
| 510. | Одлука за одобрување финансиски средства за организација и одржување на научно-стручна конференција во област и теми од предучилишното образование | 916 |

| | | |
|---|---|---|
| 511. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за издавање на романот „Тркало на живото“ | 917 |
| 512. | Одлука за одобрување финансиски средства за издавање на романот „Тркало на живото“ | 917 |
| 513. | Решение ИП.бр.23/22-282 од 20.07.2022 година | 918 |
| 514. | Правилник за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плата на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина штип | 921 |

475.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА „ДОМ НА МЛАДИ“-ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Годишнен план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4712/2
11 август 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

476.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20, 95/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА „ДОМ НА МЛАДИ“-ШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на Годишнен план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот план за вработување на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип за 2023 година број 0102-118/1 од 18 јули 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4712/1 Совет на Општина Штип
8 август 2022 година Претседател,

Штип Весна Кожинкова, с.р.

477.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

I

Се објавува Одлука за утврдување на потреба за отпочнување на постапка за финансиски лизинг.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4713/2 Општина Штип
11 август 2022 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

478.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 21 став 1 точка 25 и член 46 од

Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата за отпочнување на постапка за финансиски лизинг што Општина Штип треба да ја спроведе (вид и цел на финансирање, максималниот износ, каматна стапка, условите и роковите и начинот на отплата на финансиските средства) за набавка на специјализирани возила.

Член 2

Финансискиот лизинг како постапка за набавка на специјализирани возила е од општ јавен интерес и има економска и финансиска оправданост.

Член 3

Финансискиот лизинг ќе биде спроведен преку сертифицирани и овластени домашни лизинг компании.

Член 4

Максималниот износ на финансискиот лизинг вклучувајќи ја главнината и износот на камата, изнесува до 20.500.000,00 денари.

Член 5

Каматната стапка, амортизациониот план за отплата на финансискиот лизинг и вкупните потребни средства за буџетирање на набавката ќе бидат понудени од страна на овластените лизинг компании во државата.

Член 6

Сопственото учество на општината ќе биде понудено и договорено во постапката за јавна набавка и истото не треба да надмине 10 % од вкупиот износ на предвидениот буџет.

Член 7

Грејс периодот пред отпочнувањето на отплатата ќе бидат понудени од страна на овластените лизинг компании во државата.

Член 8

Отплатата на финансискиот лизинг ќе се врши во текот на 5 (пет) години, на еднакви годишни/полугодишни ануитети, со вклучен грејс период.

Член 9

Во случај да настанат значајни промени на финансискиот пазар од моментот на донесување на оваа Одлука до реализирањето на целосната постапка за долгорочното задолжување, условите предвидени во оваа Одлука може да бидат изменети и усогласени со измена и дополнување на истата.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-4713/1
8 август 2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

479.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈА ПО ПОД ПРОЕКТИ

I

Се објавува Одлука за утврдување на приоритет на инвестиција по под проекти.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09-4714/2
11 август 2022 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

480.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09,

16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈА ПО ПОД ПРОЕКТИ

Член 1

Се определува приоритет на инвестиција за под проектите:

1. Реконструкција на улица „5$^{ти}$ Конгрес“;
2. Рекондтрукција на улица „Браќа Даневи“;
3. Реконструкција на улица „Солидарност“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4714/1
8 август2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

481.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО МЕРКАТА ЈАВНИ РАБОТИ 2022 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во мерката Јавни работи 2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4715/2
11 август 2022 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

482.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО
МЕРКАТА ЈАВНИ РАБОТИ 2022 ГОДИНА

Член 1

Се одобруваат средства во вкупен износ од 79.200,00 денари за учество на Општина Штип во мерката Јавни работи 2022 година.

Член 2

Мерката Јавни работи работи 2022 година се реализира во соработка со Агенција за вработување на РСМ-Центар за вработување Штип.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4715/1
8 август2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

483.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ
НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ
ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА РАДОВИШ

I

Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4716/2
11 август 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

484.

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ број 79/09), член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА
ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА РАДОВИШ

Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш заради заедничко вршење на работите од надлежност на општините кои се однесуваат на инспекциски надзор од страна на Одделението за градежен надзор и надзор над сообраќајот и патиштата во Општина Штип за потребите на Општина Радовиш.

Член 2

Меѓуопштинска соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4716/1
8 август 2022 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

485.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА РАДОВИШ

I

Се објавува Одлука за формирање на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4717/2
11 август 2022 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

486.

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ број 79/09), член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА РАДОВИШ

Член 1

Се формира заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш.

Член 2

Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш.

Член 3

Заедничката комисија е составена од 4 (четири) члена, од кои по 2 (два) члена од секоја општина кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја координира работата на комисијата.

Во работата на комисијата можат да учествуваат и стручни лица од областите во кои се воспоставува меѓуопштинската соработка.

Член 4

Комисијата од член 1 на оваа Одлука, предлозите на актите ги подготвува врз основа на претходно направена анализа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4717/1
8 август2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

487.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА РАДОВИШ

I

Се објавува Решение за именување на членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4718/2
11 август 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

488.

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ број 79/09) и член 21 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општината Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на ден 8 август 2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА РАДОВИШ

1. За членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Радовиш, од редот на вработените од општинската администрација на Општината Штип се именуваат:

- Маријана Зенделова
- Катерина Везенковска

2. Оваа Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Штип“.

Број 08-4718/1
8 август 2022 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

489.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НЕДВИЖНА СТВАР-ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

I

Се објавува Одлука за давање под закуп недвижна ствар-деловен простор.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4719/2
11 август 2022 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

490.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НЕДВИЖНА СТВАР-ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

Член 1

Со оваа Одлука се дава под закуп дел од недвижна ствар-деловен простор сопственост на Општина Штип кој се наоѓа во м.в. Суитлак, КП број 8580 заведен во ИЛ број 22435 за КО-Штип 6.

Недвижниот имот од став 1 на оваа Одлука претставува дел од зградата на Мултимедијалниот центар-Киро Глигоров во површина од 219.96 $м^2$.

Член 2

Давањето под закуп на деловниот простор од член 1 од оваа Одлука ќе се изврши по пат на јавно наддавање согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост.

Пазарната вредност на недвижната ствар е утврдена со Извештај за проценка на пазарна вредност број 17-4602/1 од 28.07.2022 година, изработен согласно Методологијата за процена на пазарна вредност и истата изнесува 19.813,612 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 99.068,00 денари, односно 0,5% од проценетата вредност на недвижната ствар.

Деловниот простор од член 1 од оваа Одлука се издава под закуп за период од 3 (три) години.

Деловниот простор се издава со намена за проекција на филмови.

Член 3

Недвижниот имот не е опремен и за вршење на дејноста за која се издава па од страна на закупецот се потребни да се направат соодветни вложувања односно потребно е:

- Да се изгради дополнителен простор со влезна врата и простор за одмор, заедно со продажен пулт, од ист/сличен материјал како постоечкиот објект, со приклучок на електрична, водоводна и канализациона мрежа;
- Изградба на надворешни тоалети со приклучок на електрична, водоводна и канализациона мрежа;
- Набавка и вградување на соодветни кино фотелји/столчиња;
- Набавка на кино опрема/проектор (доколку Општина Штип не е во можност да го набави од сопствени средства);
- Набавка на проектор за проектирање на преводот на филмовите;
- Бојадисување на страничните ѕидови и таванот во црна боја;

Закупецот на деловниот простор нема да има обврска да ги покрива тековните режиски трошоци.

На најповолниот понудувач - закупец на деловниот простор по извршувањето на горенаведената инвестиција во објектот, врз основа на постигнатата цена за закупнината ќе му се намалат бројот на закупнините, пропорционално со инвестицијата направена од негова страна, по динамички план, кој подробно ќе биде утврден во договорот за закуп, кој ќе се склучи со градоначалникот на Општината Штип.

Подвижната инвестиција во објектот направена од страна на закупецот, по завршување на важноста на договорот за закуп, ќе биде во сопственост на закупецот.

Член 4

Правото на учество, критериумите, начинот на плаќање и другите услови за закуп на деловниот простор ќе бидат утврдени од страна на комисијата формирана од градоначалникот и истите ќе бидат објавени во јавниот оглас.

Член 5

Доколку постапката за закуп во првиот обид е неуспешна, постапката ќе се повтори согласно законските одредби.

За спроведената постапка за закуп на деловниот простор, комисијата ќе достави извештај до Советот на Општина Штип.

Член 6

По извршениот избор на најповолен понудувач, градоначалникот на Општина Штип ќе склучи договор со кој ќе се утврдат меѓусебните права и обврски за закуп на деловниот простор.

Договорот за закуп подлежи на солемнизација пред нотар избран од закупецот на негова сметка.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4719/1
8 август 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

491.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување на висината на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпадот на територијата на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4720/2
11 август 2022 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

492.

Врз основа на член 121 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13,163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16 и „Службен весник на РСМ“ број 31/20), член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се одобрува висината на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпадот на територијата на Општина Штип по одделни категории корисници.

Член 2

За физички лица - домаќинства во кои спаѓаат индивидуалните станбени единици, колективни станбени единици и домаќинства во руралните средини, висината на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпадот ќе се утврдува според мерната единица денар по метар квадратен и ќе изнесува вкупно **2,60 ден/м$^2$,** а која распоредена по категории изнесува:

- Домаќинства - станбена површина ....... 2,40 ден/м$^2$
- Домаќинства - дворна површина ..........0,20 ден/м$^2$

Член 3

За правни лица висината на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпадот изнесува:

- За големи правни субјекти (производствени капацитети, трговски центри, фабрики, банки, хотели, осигурителни компании, стоваришта и др. правни субјекти) - **471,00ден/м³.**
- За мали правни субјекти (мини маркети, колонијали, канцеларии, угостителски објект, трафики и друго) категоризирани врз основа на вид и количина на отпад и тоа:
  мали правни субјекти – станбена површина 3,30 ден/$м^2$
  мали правни субјекти – дворна површина 0,40 ден/$м^2$

Член 4

За училишта, градинки**,** здравствени објекти и здравствени ординации од примарна заштита, пензионерски домови, верски објекти висината на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпадот изнесува **471,00 ден/м³**.

Член 5

Со донесување на оваа Одлука се става вон сила Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“ за цената за собирање и депонирање на смет кај правни и физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 4/2007).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4720/1
8 август 2022 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

493.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИК НА УСЛУГИ НА ЈП„ИСАР“-ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП „Исар“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4721/2 Општина Штип
11 август 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

494.

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19 и 89/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИК НА УСЛУГИ НА ЈП„ИСАР“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП „Исар“-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП „Исар“-Штип број 02-1078/3, донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на седницата одржана на 04 август 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4721/1
8 август 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

495.

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП „Исар“ Штип,Управниот одбор на ЈП "Исар“- Штип на својата 21- ва седница одржана on- line, преку платформата ZOOM на ден 04.08.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
### за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП "Исар" Штип

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип заведен со арх.бр.01-1353 од 15.12.2021 год.

Член 2

Во Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип во табеларниот преглед на Ценовник за водовод и канализација, точките под реден број 15, 31, 41, 42, 43, 44 и 46 се менуваат и гласат :

| Ред.бр | Опис | ед.мера | ед.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 15. | Сечење на асфалт или бетон со посада | м´ | 350,00 |
| 31. | Машински утовар и одвоз на земја до 3км. | м³ | 390,00 |
| 41. | Набавка, транспорт и вградување на бетон со МВ 20 | м³ | 7.500,00 |
| 42. | Набавка, транспорт и вградување на бетон со МВ 30 | м³ | 8.000 ,00 |
| 43. | Набавка, транспорт и рачно вградување на топла асфалт на маса БНХС 16 со дебелина д=10см | м2 | 3.500,00 |
| 44. | Ѕидање на ѕид со бетонски блокови 0.4х0.2 | м2 | 1,600,00 |
| 46. | Набавка, сечење, виткање и вградување на бетонско железо и арматура. | кг | 150,00 |

Член 3

Во Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип во табеларниот преглед на Ценовник за водовод и канализација, по точката 46 се додаваат нови точки со реден број 47 и 48 кои гласат :

| Ред.бр | Опис | ед.мера | ед.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 47. | Машински ископ на хумус во слој од 20см. | м² | 40,00 |
| 48 | Рачно планирање и набивање на ров | м² | 45,00 |

Член 4

Во Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип во табеларниот преглед на Ценовник за партерно уредување, точките под реден број 1, 2, 7, 8 и 14 се менуваат и гласат:

| Ред.бр | Опис | ед.мера | ед.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Набавка, транспорт и вградување на бетонски рабници (градинарски) 8/16/50см на подлога од бетон МБ20 | м´ | 600.00 |
| 2. | Набавка, транспорт и вградување на бетонски рабници (улични) 18/24/100см на подлога од бетон МБ20 | м´ | 950.00 |
| 7. | Набавка, транспорт и вградување на бетонска жардињера 40/45/25см.од парче монтажа | бр. | 450,00 |
| 8. | Набавка, транспорт и вградување на бетонски на бетонски столб 8/14/200см комплет со бетонски темел 30/30/50см МБ30 | бр. | 600,00 |
| 14. | Набавка транспорт и монтажа на летниковец 3,0/3,0м од дрвена конструкција, покривка од битуменска шиндра, бетонска платформа од МБ30 со д= 20см, комплет со обработка со премази за заштита на дрво. | бр. | 100.000,00 |

Член 5

Во Ценовник на услуга на ЈП "Исар" Штип во табеларниот преглед на Ценовник за партерно уредување, по точката 19 се додаваат нови точки со реден број 20, 21 и 22 кои гласат :

| Ред.бр | Опис | ед.мера | ед.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 20. | Рачно вадење и повторно вградување на постоечка гранитна/базалтна коцка 10/10/10см на песочна подлога | м² | 490,00 |
| 21. | Рачен утовар и транспортна гранитна/базалтна коцка(1-3)км | м² | 450,00 |
| 22. | Машинско вадење на гранитна/базалтна коцка со утовар и транспоерт на растојание до 3км. | м² | 240,00 |

Член 6

Во Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип,по табеларниот преглед на Ценовникот за партерно уредување се додава Ценовник за управување со отпад со табеларен преглед кој гласи :

| Ред.бр | Опис | ед.мера | ед.цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Изнајмување на контејнер од 1,1м$^3$ | Месечно | 1.000,00 |
| 2. | Изнајмување на контејнер од 5м$^3$ | Месечно | 2.000,00 |
| 3. | Изнесување на кабаст отпад од пред врата/влез на повик со трактор –рачно товарање со 2 работника | Тура | 2.000,00 |
| 4. | Изнесување на кабаст отпад од пред врата/влез на повик со трактор - без работници | Тура | 1.600,00 |
| 5. | Изнесување на шут, земја и др. на повик со трактор, рачно товарање со 2 работника | Тура | 2.200,00 |
| 6. | Изнесување на шут, земја и др. на повик со трактор – без работници | Тура | 1.800,00 |

Член 7

Во останатиот дел Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип заведен под арх.бр.01-1353 од 15.12.2021 год. останува непроменет.

Член 8

Одлуката стапува во сила по усвојувањето од страна на Советот на Општина Штип, а со денот на објавувањето на истата во Службен гласник на Општина Штип .

Број 02-1078/3
04.08.2022 година

Ш т и п

ЈП „Исар“-Штип
Управен одбор
Зам.Претседател
Тоше Ристов, с.р.

496.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање согласност на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Исар“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4722/2
11 август 2022 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

497.

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19 и 89/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Исар“-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Исар“-Штип број 02-968/2 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на седницата одржана на 14 јули 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4722/1
8 август 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

498.

Врз основа на чл.19 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/96, 49/06.........89/2022) и Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РСМ бр.89/2022) и чл.19 од Статутот на Јавно претпријатие за комунални дејности ИСАР ПО Штип, Управниот Одбор на ЈП ,,Исар,,-Штип на седницата одржана на ден 14.07.2022 година ја донесе следната:

СТАТУТАРНА ОДЛУКА

*за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Исар-Штип*

Член 1

Се врши изменување и дополнување на Статутот ( пречистен текст ) на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи ИСАР ПО Штип бр.01-358/4 од 16.03.2010 година заради измени и дополнувања во Законот за јавните претпријатија.

Член 2

Се врши измена во чл.14 од Статутот така што ќе гласи :

Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од пет членови.

Членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие според утврдена постапка по закон.

За член на управниот одбор на јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со

Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика,

- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,

- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и

- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Член 3

Се врши измена во чл.16 од Статутот така што ќе гласи :

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 4

Во членот 18 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи :

Претседателот на управниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на управниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на управниот одбор на јавното претпријатие

Член 5

Се додава нов член 18-а гласи:

Претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното претпријатие.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

Член 6

Се врши измена во член 25 така што гласи :

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на јавните претпријатија се формира надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење составен од три члена кои ги именува,односно

разрешува основачот на јавното претпријатие според утврдена постапка по закон.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на Надзорниот одбор , можат да присуствуваат на седницата на Управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор

Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор .

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Членот 17 став 1 и 2 од овој Статут се однесува и на членовите на Надзорниот одбор .

Член 7

Се додава нов член 25-а кој гласи:

Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претпријатие.

Член 8

Се додава нов член 25-б кој гласи :

Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.Висината на надоместокот со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

Член 9

Оваа одлука да се достави до Советот на Општина Штип за давање на согласност.

Член 10

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на добивање на согласност од страна на Советот на Општина Штип , а со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Штип .

Број 02-968/2
14.07.2022 година
Ш т и п

ЈП „Исар“-Штип
Управен одбор
Претседател
Кирил Зајков, с.р.

499.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ФОРМИРАЊЕ НА КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ ВО ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и формирање на комбинирани паралелки во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2022/2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4723/2 Општина Штип
11 август 2022 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

500.

Врз основа на член 53 став 6 и 9 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ФОРМИРАЊЕ НА КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ ВО ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и формирање на комбинирани паралелки во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2022/2023 година, и тоа:

1. Во централното училиште:

а) Парарлелки со помал број на ученици на македонски наставен јазик:
- шест (6) паралелки во прво одделение,
- една (1) паралелка во второ одделение,
- три (3) паралелки во трето одделение,
- две (2) паралелки во четврто одделение,
- три (3) паралелки во петто одделение,
- две (2) паралелка во шесто одделение,
- две (2) паралелки во осмо одделение,
- три (3) паралелки во деветто одделение,
- една (1) посебна паралелка во шесто одделение-лесна попреченост,
- една (1) посебна паралелка во седмо одделение-лесна попреченост,
- една (1) посебна паралелка во осмо одделение-лесна попреченост,
- една (1) посебна паралелка во деветто одделение-лесна попреченост.

б) Во подрачното училиште во Ново Село по една (1) паралелка со помал број на ученици во трето, четврто и петто одделение на македонски наставен јазик

в) Во подрачното училиште во село Лакавица:
- една (1) паралелка со помал број на ученици во петто одделение на македонски наставен јазик,

- една (1) паралелка со помал број на ученици во петто одделение на турски наставен јазик.

г) Во подрачното училиште во село Селце една (1) паралелка во трето одделение на македонски наставен јазик.

2. Комбинирани паралелки:

а)Во централното училиште во посебни одделенија на македонски наставен јазик:

- една (1) комбинирана паралелка од прво и второ одделение-аутизам,
- една (1) комбинирана паралелка од шесто, седмо и осмо одделение-аутизам,
- една (1) комбинирана паралелка од прво, второ и трето одделение-лесна попреченост,
- една (1) комбинирана паралелка од четврто и петто одделение-лесна попреченост,
- една (1) комбинирана паралелка од прво, шесто, осмо и деветто одделение-мултихендикеп.

б) Во подрачното училиште во село Лакавица една (1) комбинирана паралелка од второ и трето одделение на македонски наставен јазик и една (1) комбинирана паралелка од второ и трето одделение на турски наставен јазик.

в) Во подрачното училиште во село Селце една (1) комбинирана паралелка од прво, второ и трето одделение на турски наставен јазик и една (1) комбинирана паралелка од четврто и петто одделение на турски наставен јазик.

Член 2

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици и формирање на комбинирани паралелки во ООУ „Ванчо Прке“-Штип во учебната 2022/2023 година, број 08-4264/1 од 11 јули 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе важи по добиено позитивно мислење од Министерство за образование и наука.

Број 08-4723/1
8 август 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

501.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4724/2
11 август 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

502.

Врз основа на член 40 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА
ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

Во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2022 година („Службен гласник на Општина Штип“ 16/21, 1/22, 4/22 и 10/22), во делот „Програмски задачи“, во точка 1.1 Програмски задачи финансирани од Буџетот на Општина Штип, по потточката 1.1.33 се врши дополнување со една нова потточка 1.1.34 која гласи:

„ 1.1.34 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.1, локален пат до манастирот „Св. Воскресение Христово“.

М=1:1000 “

II

Во делот „Програмски задачи“, во точка 1.2 Програмски задачи финансирани од заинтересирани инвеститори, по потточката 1.2.20 се врши дополнување со четири нови потточки 1.2.21; 1.2.22; 1.2.23 и 1.2.24 кои гласат:

„1.2.21 Изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 3607, КП 3608 и КП 3609 од КО Штип вон град – Општина Штип.

М=1:1000

1.2.22 Изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4 – стоваришта, складови и отпади на КП 285/2 и КП 284 од КО Драгоево – Општина Штип.

М=1:1000

1.2.23 Измени и дополнување на ДУП за поранешна ПИ Македонка дел од УБ 65, 67 и 68, со опфат на УП број 20, 21, 23 и 25, Штип.

М=1:1000

1.2.24 Измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Балканска“ за урбанистичка парцела број 1 до урбанистичка парцела бр. 9.

М=1:1000“.

III

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4724/1 Совет на Општина Штип
8 август 2022 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

503.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за локален економски развој во Општина Штип за 2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4725/2 Општина Штип
11 август 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

504.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 15 точка 3 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

Програмата за Локален економски развој во Општина Штип за 2022 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/22) се дополнува со следното:

Во делот **4.Инфраструктура**, точката **4.1.Изградба на патишта до рурални средини**, се дополнува со нова алинеја: „Изградба на пристапен пат до манастир Св. Воскресение Христово од стац. км 0 +000.00 до км 0+200.00“.

II

Во делот **6.Култура,** точката **6.4.Пастрамалијада**, се дополнува со:
„Предвидени финансиски средства: 2.500.000,00 денари“.

III

Во останатиот дел Програмата за локален економски развој во Општина Штип за 2022 година останува непроменета.

IV

Оваа Програма влегува во сила наредниотден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4725/1 Совет на Општина Штип
8 август 2022 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

505.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

I

Се објавува Заклучок за давање позитивно мислење за изработка на урбанистички проекти.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4726/2 Општина Штип
11 август 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

506.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ
ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

I

Се дава позитивно мислење за изработка на следните урбанистички проекти:

1. Урбанистички проект за формирање на градежни парцели со класа на намена Г2 лесна и преработувачка индустрија согласно ДУП за индустриска зона 2, дел од УБ 52 и 53 на дел од КП 1354/1, дел од КП 1357/3, дел од КП 1357/1, дел од КП 1354/3, дел од КП 1355/1, дел од КП 1337/2 и дел од КП 1337/1 сите од КО Штип 1, Општина Штип;
2. Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една ГП 1 со намена Г2, Г3 и Г4 (лесна и незагадувачка индустрија) од ГП 1.3, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.29.2 од ДУП за работна зона Пребег УЕ 58, КО Штип 1, Општина Штип;
3. Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една ГП 1 со намена Г3 и Г4 (сервисни услуги и стоваришта, складови и отпади) од ГП 41, ГП 42, ГП 43, ГП 44 во измена и дополнување на ДУП од ПИ Македонка, УБ 65, 67, 68 КО Штип 1, Општина Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-4726/1 | Совет на Општина Штип |
| 8 август 2022 година | Претседател, |
| Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р. |

507.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-МАРТ 2022 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јануари-март 2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4727/2
11 август 2022 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

508.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
НА ОДЛУКИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-МАРТ 2022 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јануари-март 2022 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4727/1
8 август 2022 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

509.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина

Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ОБЛАСТ И ТЕМИ ОД ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за организација и одржување на научно-стручна конференција во област и теми од предучилишното образование.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4728/2 Општина Штип
11 август 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

510.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ОБЛАСТ И ТЕМИ ОД ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина од 84.000,00 денари, на Здружение на воспитувачи на Република Македонија, за организација и одржување на научно-стручна конференција во област и теми од предучилишното образование во Штип.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 на оваа Одлука да поднесе извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-4728/1
8 август 2022 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова,с.р.

511.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РОМАНОТ „ТРКАЛО НА ЖИВОТОТ“

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за издавање на романот „Тркало на живото“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-4729/2
11 август 2022 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

512.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 8 август 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РОМАНОТ „ТРКАЛО НА ЖИВОТОТ“

Член 1

Се одобруваат финансиски средства висина од 5.000,00 денари, на Ленче Китанова, за издавање на романот „Тркало на животот“.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-4729/1
8 август 2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

513.

ОПШТИНА ШТИП
Одделение за градежен надзор, надзор над сообраќај и патишта

**ИП.бр.23/22-282**
**20.07.2022 год.**

Одделение за градежен надзор, надзор над сообраќајот и патишта, при Општина Штип, преку Општински градежен инспектор Зоран Павловски и службена легитимација бр.330006, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор НЕПОЗНАТ, со адреса на живеење НЕПОЗНАТА**,** и со **Записник ИП.1.бр.23/22-282 од 20.07.2022год.**, ја утврди фактичката состојба, и врз основа на член 83, став 3 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РМ бр.102/19) а согласно чл.134ст.1 и чл.137 од Законот за градење(Сл.весник на РМ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 244/2019, 18/2020 и 279/2020), го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. **СЕ НАРЕДУВА - СЕ ЗАДОЛЖУВА** субјектот на инспекцискиот надзор:НЕПОЗНАТ, со адреса на живеење НЕПОЗНАТА**, ДА ГО ОТСТРАНИ** времениот објект со број 69 поставен на КП бр.4237/1 **КО Штип 3** (сопственост на Р.С.Македонија **ИЛ бр. 100748**), **тип: Времен објект-Дуќан** (констатирано со записник 23/22-282 од 20.07.2022).
   Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение изнесува 8 **(осум) дена**.
1. Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта (zoran.pavlovski@stip.gov.mk), да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
2. Ако субјектот/инвеститорот не ја отстрани бесправно изведената градба, во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување за отстранување на истата.
3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот, а ќе бидат определени со посебен заклучок за наплата на трошоците за извршување.
4. Во колку не се постапи согласно насоките дадени од страна на градежен инспектор ќе се поведе прекршочна постапка за изрекуввање на глоба во вредност од 250 евра во денарска противвредност согласно член 151 став 3 и член 161 став 2 од Законот за градење.
5. Согласно член 225 од КЗ овластен градежен инспектор ќе поведе постапка пред ОЈО Штип за узурпирање на земјиште во сопственост на РСМ.
6. Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

**Образложение**

Општински градежен инспектор вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор НЕПОЗНАТ со адреса на живеење НЕПОЗНАТА**,** на КП бр.4237/1 за КО Штип 3 (сопственост на Р.С.Македонија **ИЛ бр. 100748)** и со **Записник ИП.1.бр.23/22-282 од 20.07.2022год.**, ја утврди фактичката состојба:

На КП бр.4237/1 за КО Штип 3 се поставени Времени објекти. Предмет на надзорот е времен објект - дуќан означен со број 69. Времениот објкет- дуќан НЕ СЕ УПОТРЕБУВА.

Објектот претставува градба од времен карактер согласно член 2 од Законот за градење: „ Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализацијата на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект“, а подлежи на одредбите од член 79 од Законот за градење.

На предметната локација – КП бр. 4237/1 КО Штип 3, ул. „Сутјеска “постои **ДУП – дел од нас.„Автокоманда“ УЕ 27 и 31 за град Штип, донесен со Одлука**

**бр. 03-508/1 од 05.11.2012 година** и е предвидена ГП 1.1 со намена А2(домување во станбени згради).

Општина Штип е во постапка за реализација на ДУП – дел од нас.„Автокоманда“ УЕ 27 и 31 фаза отпочнување на постапка за отуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање, за кое нешто е потребно како имател на предметниот времен објект – Дуќан кој не се користи се отстрани во рок од 8 (осум) дена, имајќи во предвид дека земјиштето на кое е поставен времениот објект е во сопспственост на Република Северна Македонија запишано на ИЛ. бр.100748 за КО Штип 3, а воедно претставува товар и ограничување на предметната градежна парцела.

Согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/2019, 18/2020 и 279/2020), Овластениот градежен инспектор определи мерки од членовите како во диспозитивот на ова решение.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение , со кое се наредува отстранување на бесправно изведената градба, согласно чл.137ст.5 од Законот за градење, не го одлага извршувањето на Решението.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против Решението на овластениот градежен инспектор може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка со доказ за платена административна такса (,,Службен гласник на Р,М.,,бр.17/93 и 88/08).

Решено во Одделение за градежен надзор, надзор над сообраќајот и патишта при Општина Штип, под **ИП.1. број 23/22- 282**од **20.07.2022год.**

Изработил,
Весна Зенделова диа, с.р

| Печат и потпис на инспекторот | Зоран Павловски д.и.а.<br>Општински Градежен<br>Инспектор Штип<br>сл.лег.бр. 330006 |
|---|---|
| Датум: | **20.07.2022год.** |

514.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на РМ број 52/50), член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Р.М. бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Р.С.М. бр.143/19 и 14/20) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип број 01/03,18/07,11/08,07/09, 16/09, 04/11,13/14 , 08/20 и 05/21) Градоначалникот на Општина Штип на донесе:

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА ШТИП

ЧЛЕН 1

Со овој Правилник се врши измена во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административни- технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.12/18), Правилникот за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.02/20), Правилникот за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.02/21), Правилникот за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( службен гласник на Општина Штип бр.06/22) и Правилникот за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( службен гласник на Општина Штип бр.06/22).

ЧЛЕН 2

Во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.12/18) членот 4 се менува и гласи:

Група II – работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето

Подгрупа 10

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Командир на одделение | 350 бода |
| 2. | Пожарникар спасител- водач на група | 345 бода |
| 3. | Пожарникар спасител | 325 бода |

ЧЛЕН 3

Во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.12/18) членот 10 се менува и гласи:

За работа на денови на празници и неработни денови утврдени со закон, вработениот има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминати часови на работа зголемена за 50%.

ЧЛЕН 4

Во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.12/18) членот 11 се менува и гласи:

Вработениот има право на додаток на плата за:

- Ноќна работа
- Работа за време на неделен одмор
- Работа подолга од работното време

Основната плата на вработениот по час се зголемува за:

- Работа ноќе по 40%
- Прекувремена работа по 40%
- Работа во ден од неделен одмор по 50%
- Работа во смени 5%

ЧЛЕН 5

Во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно технички работи и помошни работи во Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.12/18) се додава нов член кој гласи:

По исклучок од член 3 и член 4 од овој Правилник работодовачот е должен на вработениот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови, односно денови.

ЧЛЕН 6

Вредноста на бодот на вработените од група II изнесува 81,6 денари за периодот 01.08.2022 до 31.12.2022 година.

ЧЛЕН 7

Овој правилник ќе се објави во Службен гласник на Општина Штип, а ќе се применува за исплатата на плата од месец август 2022 година.

*Изработил:Виктор Вацев, с.р.*
*Рак.на одд.за управување со човечки ресурси*
*Согласен:Вишна Шорова Ангелова, с.р.*
*Секретар на Општина Штип*

Број.09-4402/1
15.07.2022 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.